ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-50/7**

**Дата: 28.02.2014**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија (во натамошниот текст Агенцијата) сметка на основен буџет- 637.

Вршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Државниот завод за геодетски работи на сметката на основен буџет - 637 за 2006 година, како правен претходник на Агенцијата. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи не е изразено мислење, додека за усогласеноста со закони и прописи изразено е негативно мислење.

Со ревизијата на преземени мерки по дадени препораки се констатира дека од дадените 11 препораки, 9 се целосно спроведени, една е делумно спроведена, додека една не е спроведена.

Изразивме мислење со резерва како за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи така и за усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Агенцијата има обврска да води евиденција на недвижните ствари во државна сопственост што ги користат државните органи. Агенцијата има воспоставено евидентна книга на недвижни ствари, но истата содржи податоци само за девет државни органи поради што Агенцијата не располага со точна и ажурна евиденција за имотот/недвижните ствари со кои располага Република Македонија.

Интерните акти со кои се уредуваат начинот на организација, систематизација, пресметување на платите на вработените и вработувањето на нови лица во Агенцијата не се усогласени со Законот за државните службеници, поради што вработените во Агенцијата се уште немаат статус на државни службеници.

Истакнуваме во овој извештај дека воспоставена пракса е со времено овластување, да се врши прераспределување на вработените од едно на друго работно место за извршување на работните задачи посебно за пополнување на раководните места за што се исплатуваат плати. за работното место од кое се прераспоредени (обично пониски).

Во текот на ревизијата спроведени се корекции и извршено е зголемување на билансните позиции Нематеријални средства, Материјални добра и природни богатства и Извори на средства во износ од 19.877 илјади денари.

За утврдените состојби дадовме препораки за преземање активности за нивно надминување.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.



____________________________

____________________________ ______________________________

____________________________

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страните од 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет - 637 на Агенцијата за катастар на недвижности, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2012 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, промени во изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Државниот завод за геодетски работи на сметката на основен буџет од 637 за 2006 година, како правен претходник на Агенцијата и за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи не е изразено мислење, додека за усогласеноста со закони и прописи изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
- Љупчо Георгиевски – директор до 25.04.2012 година и
- Славче Трпески – директор од 12.05.2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите на Агенцијата за катастар на недвижности се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена 03.09.2013 до 30.09.2013 година, кај Агенцијата за катастар на недвижности од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Државниот завод за геодетски работи за 2006 година како правен претходник на Агенцијата. Од дадените 11 препораки 9 се целосно спроведени, една е делумно спроведена, додека една не е спроведена.
Во Прилог 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 19.12.2013 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно член 83 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, Агенцијата има обврска да води евиденција на недвижните ствари во државна сопственост што ги користат државните органи. Со Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор број 1103-187/9 од 27.07.2007 година, утврдено е дека Агенцијата нема воспоставено евидентна книга и дадена е препорака за воведување на потребната евиденција.

Со извршената ревизија утврдивме дека Агенцијата преземала активности и воспоставена е евидентна книга на недвижни ствари, но истата содржи податоци само за девет државни органи. Имено, согласно член 102 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, државните органи биле должни во рок од една година, односно до 15.02.2006 година податоците од својата внатрешна евиденција[1] за недвижните ствари со кои располагаат, да ги достават до Агенцијата. Исто така согласно член 88 од наведениот закон, државните органи се должни да достават податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31 декември во тековната година, врз основа на кои се врши промената на претходно евидентираната сметководствена вредност во евидентната книга, односно согласно член 89 од законот, податоците за промените во внатрешната евиденција за недвижните ствари да ги достават до Агенцијата во рок од 30 дена од денот на промената на внатрешната евиденција.

Поради непостапување на државните органи, односно поради недоставени податоци за промените во состојбите на недвижните ствари кои се користат, како и промените во нивната сметководствена вредност, Агенцијата не може да воспостави точна и ажурна евиденција за имотот/недвижните ствари со кои располага Република Македонија.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата, во соработка со одговорните лица на државните органи, да преземе мерки и активности за континуирано обезбедување на податоци за недвижните ствари што истите ги користат, заради обезбедување на комплетни податоци за имотот со кој располага Република Македонија и нивно евидентирање.

4.1.2. Стручната служба на Агенцијата согласно Законот за катастар на недвижности ја сочинуваат државни службеници и помошни работници, за кои согласно наведениот закон, за утврдување на правата, обврските и одговорностите од работен однос за државните службеници се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

[1] Внатрешната евиденција на недвижните ствари содржи:
- Податоци за недвижна ствар (место, улица, број, катастарска општина, катастарска парцела, број на имотен/поседовен лист, површина на земјиште и површина на објект);
- Основа за стекнување на правото на сопственост;
- Облигациони и стварни права за недвижната ствар (закуп, користење, плодоуживање, службености, товар, ограничувања и други права во однос на недвижната ствар) и
- Сметководствена вредност на недвижната ствар во моментот на евидентирање.

Со извршената ревизија на интерните акти со кои се уредуваат начинот на организација, систематизација, пресметување на платите на вработените и вработувањето на нови лица во Агенцијата, односно Правилникот за систематизација на работните места, за кој е добиена согласност од Агенција за администрација бр.07-2868 од 21.10.2011 година, како и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места, за кој добиена е согласност од Агенција за администрација бр.07-3014/2 од 15.11.2011 година, утврдивме дека истите не се усогласени со Законот за државните службеници во законски предвидениот рок, што не е во согласност со член 27 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници (Службен Весник на РМ 114/09). Исто така во наведените акти не се предвидени рокови за донесување на поединечните акти за распоредување, поради што вработените во Агенцијата се уште немаат статус на државни службеници.

Како резултат на наведените состојби, ревизијата констатира:

- за утврдување на правата, обврските и одговорностите од работен однос на вработените се применуваат одредбите од Колективен договор бр.01-174/2 од 08.01.2009 година,
- пресметката и исплатата на платата за вработените се врши согласно Интерен правилник за системот на плати, надоместоци на плати и други надоместоци на вработените бр.01-1048/1 од 23.01.2009 година,
- во текот на 2012 година, извршено е вработување на 21 лице согласно Интерен правилник за начинот на селектирање и вработување на работници во Агенцијата за катастар на недвижности како и начинот на распоредување на вработените на повисоко работно место бр. 01-5173/1 од 31.03.2010 година.

Поради наведената состојба, начинот на организација, систематизација, пресметувањето на платите на вработените и вработувањето на нови лица во Агенцијата, се врши согласно акти чии одредби не се усогласени со одредбите од Законот за државни службеници.

Во април 2013 година преземани се активности за усогласување на интерните акти за организација и систематизација на работните места во Агенцијата согласно Законот за државни службеници. На 23 декември 2013 година со писма број 01-21753/3 и 01-21754/3 од страна на Агенцијата за Администрација доставени се согласности за интерните акти на Агенцијата за нивна усогласеност со Законот за државни службеници и Законот за катастар на недвижности.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата да продолжи со започнатите активности за целосно усогласување на интерните акти со Законот за државни службеници.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Агенцијата нема донесено сметководствени политики како специфични принципи, правила или практики кои ќе се применуваат при проценувањето на билансните позиции и евиденцијата на трансакциите, како би се обезбедило конзистентно постапување при нивното проценување, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Како резултат на наведената состојба утврдивме дека е воспоставена пракса, ново набавените средства во месец декември тековната година, да се евидентираат во финансиската евиденција во месец јануари наредна година. Недонесени сметководствени политики создаваат ризик од необјективно прикажување на билансите позиции во финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата од страна на одговорното лице на Агенцијата донесено е Решение број 02-22007/1 од 20.12.0213 година за формирање работна група за изготвување на сметководствени политики.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата да продолжи со започнатите активности за донесување и имплементирање на сметководствените политики.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 4.2.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за катастар на недвижности сметка на основен буџет – 637 на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1.2., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на континуитет

6.1. Со извршената ревизија на спроведувањето на одредбите од Колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Агенцијата, констатиравме дека како воспоставена пракса, раководниот орган по пат на времено овластување, врши прераспределување на вработените од едно на друго работно место во согласност со нивното професионално искуство, знаење и квалификации, а работните задачи да ги извршуваат за износ на плата која се исплаќа за работното место од кое се прераспоредени. Имено во текот на 2012 година од вкупно 925 вработени, 59 вработени или 6% имаат добиено времено овластување за прераспоредување.
Иако согласно колективниот договор раководниот орган има право на определено односно неопределено време да распореди вработено лице на друго работно место, ревизијата истакнува дека воспоставената пракса на распоредување на вработените не преставува трајно решение посебно за пополнување на раководните места предвидени со систематизацијата на Агенцијата. Воедно утврдената состојба предизвикува дел од вработените да извршуваат работни задачи со повисок степен на сложеност за пониска плата, а дел од вработените да извршуваат работни задачи со понизок степен на сложеност за повисока плата.

6.2. Согласно меѓународниот ревизорски стандард 560, во текот на ревизијата извршени се корекции на позициите Нематеријални средства, Материјални добра и природни богатства и Извори на средства кои во финансиските извештаи за 2012 година, поради сметководствени грешки, беа нереално проценети. По извршените корекции, како ефекти од ревизијата извршено е зголемување на Активата и Пасивата во Билансот на состојба за 2012 година за 19.877 илјади денари. Исправките се спроведени со налози за книжење број 8/001, 8/002 и 10/040 од декември 2013.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 234.756 | 251.177 |
| **Вкупно приходи** | | **234.756** | **251.177** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 234.756 | 251.177 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **234.756** | **251.177** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **234.756** | **251.177** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 18.587 | 20.352 |
| Залихи | 4.1.2. | 12.811 | 11.129 |
| **Вкупно тековни средства** | | **31.398** | **31.481** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 74.887 | 52.605 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 72.007 | 93.903 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 302.170 | 110.740 |
| **Вкупно постојани средства** | | **449.064** | **257.248** |
| **Вкупна актива** | | **480.462** | **288.729** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1. | 18.587 | 20.352 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **18.587** | **20.352** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 461.875 | 268.377 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **461.875** | **268.377** |
| **Вкупна пасива** | | **480.462** | **288.729** |
| **Вонбилансна актива/пасива** | 4.5. | **419** | **13.270** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012година** | **257.248** | **11.129** | **268.377** |
| **Зголемување по основ на:** | **234.729** | **15.120** | **249.849** |
| Набавки | 8.006 | 15.120 | **23.126** |
| Пренос на средства од вонбилансна евиденција | 13.781 | | **13.781** |
| Корекции за евидентирање на невидентирани средства | 164.769 | | **164.769** |
| Ревалоризација на капитални средства | 28.296 | | **28.296** |
| Корекции во тек на ревизија | 19.877 | | **19.877** |
| **Намалување по основ на:** | **42.913** | **13.438** | **56.351** |
| Потрошок на материјали | | 10.723 | **10.723** |
| Отпис на капитални средства | 382 | | **382** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 15.043 | | **15.043** |
| Амортизација | 20.249 | 2.715 | **22.964** |
| Корекции за евидентирање на невидентирани средства | 1.125 | | **1.125** |
| Пренос на средства од вонбилансна евиденција | 6.114 | | **6.114** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **449.064** | **12.811** | **461.875** |



______________________________
______________________________ ______________________________
______________________________